КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП. бр. 21/14**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд С 1 С, судија Сандра Крстиќ Основен суд С 1 С и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-191 од 12.05.2014 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот Извршител С.А од С лично, по одржан претрес на ден 17.06.2014 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител С.А именуван за подрачјето на Основниот суд С 1 С и Основниот суд С 2 С со адреса на ул. К. Ј. П.бр. С

ЗАТОА ШТО:

Извршителот С.А од С при вршењето на извршителската должност, постапувајќи по барањето за извршување заведено под И бр.567/11 врз основа на Договор за отстапување на побарување склучен на ден 01.05.2013 година помеѓу Друштвото за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С како отстапувач и В.Г од С како примач, заверен кај нотар К.М од С под УЗП бр.1464/13 од 09.05.2013 година во кој отстапувачот остатокот од ненаплатениот дел од побарувањето по извршната исправа Пресуда на Основниот суд С 2 Х ПС.бр.156/96 од 08.03.2000 година му го отстапил на примачот В.Ѓ, по што извршителот ги префрлила наплатените парични средства на сметката на примачот на отстапеното побарување, иако договорот не преставува нотарска извршна исправа согласно Законот за нотаријатот, со оглед на тоа што со предметниот договор не е заверена содржината на исправата, туку е извршена заверка само на потписите, поради што истиот не можел да има правно дејство спрема должникот,

со што постапила спротивно на член 19 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) и сторила дисциплинска повреда од член 54-д алинеја 5 од Законот за извршување.

**со кои дејствија** Извршител С.А од С постапувајќи по предмет И.бр. 567/11 сторила дисциплинска повреда :“при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување опишана во точка 1

па со примена на правилата на казнено право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка РМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот С.А од С утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението а под страв од присилно извршување

Образложение

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-191 од 12.05.2014 година е поднесен од страна на Министерот за правда против Извршител С.А од С врз основа на Извештај бр.09-191 од 16.04.2014 година за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот ден 04.04.2014 година од страна на овластени лица од Министерството за правда со увид во предмет И.бр.567/11. Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување затоа што при спроведување на извршувањето по предметот И.бр. 567/11 врз основа на Договор за отстапување на побарување склучен на ден 01.05.2013 година помеѓу Друштвото за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С како отстапувач и В.Год С како примач, ги префрлила наплатените парични средства на сметката на примачот на отстапеното побарување иако договорот не претставува нотарска извршна исправа, со оглед на тоа што со предметниот договор не била заверена содржината на исправата, туку била извршена заверка само на потписите, поради што истиот не можел да има правно дејство спрема должникот. Па предлагачот смета дека извршителот со ваквиот начин на постапување во предмет И.бр. 567/11 сторил дисциплинска повреда од член 54-д алинеја 5 од Законот за извршување од кои причини се предлага Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршителот С.А именувана за подрачјето на Основниот суд С 1 С и Основниот суд С 2 С за сторена дисцинлинска повреда од член 54-д алинеја 5 од Законот за извршување и да и изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот С.А од С во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 26.05.2014 година како и дополнение од ден 04.06.2014 година наведе дека спроведувала извршување на извршна исправа пресуда ПС бр.156/96 од 08.03.2000 година на Основен суд С 2 С, а пристигнатите парични средства од должникот по издаден налог по чл. 129 од ЗИ, извршителот ги пренесувал на сметка на доверителот согласно барањето за извршување. На ден 09.05.2013 година од страна на законскиот застапник- управителот на доверителот Друштво за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С, до канцеларијата на Извршителот бил доставен Договор за

отстапување на побарување заверен кај Нотар К.М под УЗП бр. 1464/13 од 09.05.2013 год., а подоцна доверителот извршил и солемнизација на договорот. Согласно Договорот, ненаплатениот дел од побарувањето по извршната исправа Пресуда Х ПС.бр. 156/96 од 08.03.2000 година на Основен суд С 2 С бил отстапен на лицето В.Ѓ од С, при што во Договорот била посочена трансакциска сметка на примачот В.Ѓ на која да се пренесуваат средствата од извршувањето, за што и должникот бил известен со достава на Договорот за преносот на побарувањето. Постапувајќи по Договорот за отстапување, од 16.08.2013 год. односно од кога биле наплатени првите средства во висина од 1/3 пензијата на должникот од страна на Фондот за ПИОМ, извршителот ги префрлувал средствата на примачот на отстапеното побарување согласно Договорот.

Извршителот во своја одбрана наведе дека Договорот врз основа на кој вршел пренос на паричните средства на примачот бил во согласност со одредбата од членот 19 ст.1 од Законот за извршување и истиот бил во потребно предвидената форма од причина што кога станувало збор за премин на побарување, а во конкретниот случај Договорот за отстапување, извршувањето спрема лице кое во извршната исправа не е означено како доверител, се спроведувало ако тоа лице со јавна или според закон заверена исправа, докаже дека побарувањето е пренесено врз него.

Извршителот наведе дека Договорот склучен помеѓу отстапувачот, назначен како доверител во извршната исправа, Друштво за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С и примачот - лицето В.Ѓ, бил во форма согласно член 19 ст.1 од ЗИ, односно истиот преставувал исправа заверена според закон, па смета дека од таа причина Предлогот на Министерот за правда за поведување на дисциплинска постапка е неоснован.

Извршителот во одговор наведува дека причината за наводно сторената повреда од чл.54-д алинеа 5 од ЗИ согласно Предлогот е фактот дека договорот не преставува нотарска извршна исправа согласно Законот за нотаријат од причина што со заверката на потписите не била заверена содржината на исправата па поради тоа истиот не можел да има правно дејство спрема должникот, па извршителот истото о одби како неосновано од причина што договорот за отстапување по својата правна природа преставува пренос на побарувањето со кој се врши промена на страната на доверителот-примачот и истото е законски регулирано во одредбите од членовите 424 -428 од Законот за облигационите односи. Во случајот на Договорот за отстапување (пренос) на побарување, заверката на потписи на учесниците во тоа правно дело било израз на нивната волја па за таа исправа заверката согласно закон се врши со заверка на потписите на страните во договорот а при тоа имајќи го во предвид фактот дека со содржината на договорот за отстапување на побарување положбата на должникот не се менува, па оттука извршителот смета дека е неоснован наводот од Предлогот дека ваквиот договор за должникот не произведува правно дејство. Со отстапувањето на побарувањето не биле сменети ниту пак се воспоставиле нови права и обврски за должникот, поради што тој и не е договорна страна во предметниот договор туку само било потребно да биде известен за истото заради заштита од двојно исполнување на обврската односно и спрема доверителот

и спрема примачот. Извршителот смета дека суштината на отстапувањето на побарувањето била во субјективното преиначување на страната на доверителот што и согласно член 186 ст. 3 од Законот за парничната постапка било предвидено, па од каде и бил неоснован наводот во предлогот дека договорот не можел да има правно дејство спрема должникот, а истото бидејќи со промена на страната на доверителот не се сменила содржината ниту пак правата утврдени во извршната исправа, туку единствено била сменета страната спрема која должникот е должен да ја исполни својата обврска а за кое што отстапување должникот бил уредно известен од страна на доверителот видно од доставениот доказ-реципис.

Извршителот во своја одбрана истакна дека од страна на Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.06.2013 год., по повод Предлог-мислењето на Стручниот совет на КИРМ, усвоил Правно мислење дека за извршителот да може да прифати дека станува збор за пренос на побарување согласно чл.19 од ЗИ, доверителот треба да приложи исправа која е јавна или според закон заверена исправа- заверен потпис. Извршителот се повика на судска пракса на судот во Б согласно која и судот прифатил дека Договорот за пренос на побарување заверен со УЗП – заверени потписи е доволен за да извршителот го прифати како по закон заверена исправа, а во смисла на член 19 од ЗИ. Извршителот посочи дека со член 43 став 1 од Законот за нотаријат е наведено кој акт на нотарот претставува нотарска извршна исправа, односно за да истиот е извршна исправа мора во истиот да биде утврдена определна обврска за чинење за која странките можат да се договорат иако содржи изјава на обврзникот за тоа дека врз основа на тој акт може заради остварување на чинењето по пристигнувањето на обврската непосредно да се спроведе присилно извршување. Изршителот напомена дека со договорот за пренос на побарување, конкретно предмет И.бр 567/11 во постапувала како извршител, бил извршен само преносот на побарувањето содржано во извршната исправа а тоа било правосилна и извршна пресуда ПС.бр 156/96 од 08.03.2000 година на Основен суд С 2 С и дека со тој договор не се воспоставува друг вид на престација задолжување за било која од странките потписнички за договорот, за да истиот мора да има заверка на содржината од причина што договорот е inter partes помеѓу две страни каде што должникот не е учесник во истиот, а додека согласно ЗОО должникот бил известен навремено од страна на доверителот дека неговото побарување било пренесено на примачот па оттука овој договор кој по форма и содржина и заверка претставува според закон заверена исправа за која што со должникот не се променува ништо на негова штета туку само станува збор за промена на страната на доверителот што согласно чл. 19 од ЗИ е дозволено во извршувањето. Извршителот смета дека со постапувањето по предметот не повредила ни една одредба од ЗИ а најмалку одредбата од чл 19 став 1 од ЗИ, особено што во предметот не бил доставен никаков приговор од страна на должникот ниту била поведена постапка за поништување на овој договор од страна на должникот на кој му бил уредно доставен.

Извршителот ги одби како неосновани во целост наводите во Предлогот за тоа дека во конкретниот предмет постапила спротивно на членот 19 ст.1 од ЗИ бидејќи

Договорот за премин на побарувањето на примачот не ни бил извршната исправа по која извршителот го спроведува извршувањето за да во таа конотација е задолжителна солемнизацијата на истиот односно потврдување на неговата содржина со клаузула на извршност, од причина што тој претставувал само акт за легитимација на странките пред извршителот каде се сменил доверителот кој претходно бил назначен во извршната исправа а која останала иста и по која извршителот го спроведувал извршувањето а тоа во случајот било правосилна и извршна одлука на судот а не била извршна исправа Договорот за пренос на побарувањето како што било наведено во Предлогот на Министерот за правда.

На главен претрес извршителот наведе дека во текот на извршувањето странката се обратила и до Комората на извршители на РМ и со Решение донесено од Претседателот на КИРМ против извршителот не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка, за иста повреда за која бил и поднесен предлог за поведување на дисциплинска постапка.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 17.06.2014 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај УПП.бр.09 -191 од 16.04.2014 година на Министерство за правда на РМ;
2. Налог за извршување по чл. 129 од 24.04.2013 на Извршител С.А од С И.Бр. 567/11;
3. Доставница И.бр.567/11 за достава на налог по чл.129 од 24.04.2013 година
4. Договор за отстапување на побарување (цесија) од 01.05.2013 година
5. Повратница за достава на Договор УЗП бр.1464/13 со известување до Г Ц С
6. Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка по чл. 137 т.1 од ЗИ од 17.04.2013 година;
7. Солемнизација на договор за отстапување побарување ОДУ бр.98/14 од 25.02.2014 година на нотар К.МС;
8. Доставница И.бр.567/11 за достава на налог од 17.04.2013 година до ТТК банка АД С;
9. Службена белешка И.бр.567/11 од 23.04.2013 година на извршител С.А од С;
10. Извод бр.59 за состојба на сметка на извршител С.А од С од 21.03.2014 година
11. Извод бр.37 за состојба на сметка на извршител С.А од С од 21.02.2014 година
12. Извод бр.11 за состојба на сметка на извршител С.А од С од 20.01.2014 година
13. Извод бр.251 за состојба на сметка на извршител С.А од С од 13.12.2013 година
14. Извод бр.232 за состојба на сметка на извршител С.А од С од 18.11.2013 година
15. Извод бр.210 за состојба на сметка на извршител С.А од С од 18.10.2013 година

16. Извод бр. 193 за состојба на сметка на извршител С.А од С од 24.09.2013 година
17. Извод бр.164 за состојба на сметка на извршител С.А од С од 16.08.2013 година
18. Одлука бр.2046 од 25.9.2012 година на Собрание на КИРМ;
19. Правно мислење бр.1259-2 од 28.06.2013 година на Стручен совет на КИРМ
20. Решение на Апелациониот суд Б ТСЖ.бр.925/12 од 07.11.2012 година;
21. Барање за спроведување на извршување од Друштво за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С од 30.09.2011 година
22. Пресуда ПС.бр.156/96 од 08.03.2000 година на Основен суд С 2 С
23. Решение ПР.бр.45/14 од 05.06.2014 година на Претседател на КИРМ;

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 30.09.2011 година извршителот С.А од С примила барање за извршување од Друштво за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С, поднесено преку полномошник адвокат Д.Џод С, врз основа на извршна исправа Пресуда на Основниот суд С 2 Х ПС.бр.156/96 од 08.03.2000 година, заради наплата на парично побарување.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот откако прибавил податоци од Фондот за ПИОМ, дека должникот е пензионер, издал Налог за извршување врз основа на член 129 од Законот за извршување И.бр.567/11 од 04.10.2011 година со кој определил забрана на 1/3 од пензијата на должникот. Извршителот го доставил налогот за извршување до Фондот за ПИОМ на 05.10.2011 година. Видно од Службена белешка И.бр.567/11 , извршителот го доставил налогот за извршување и до должникот кој го примил налогот за извршување, но одбил да ја потпише доставницата.

На ден 08.02.2013 година до извршителот била доставена ургенција од доверителот за промена на средството за извршување, односно барање извршителот да пристапи кон попис, процена, пленидба и продажба на подвижни предмети, од причина што со задршката од пензијата на должникот извршувањето , по мислење на доверителот, се спроведувало многу бавно.

На ден 16.04.2013 година извршителот составил Службена белешка во која констатирал дека во неговата канцеларија дошол законскиот застапник на доверителот Ц.Ѓ која изјавила, дека доверителот не е спремен да ги авансира трошоците за преземање извршни дејствија за попис и дека има сознанија дека должникот има средства на трансакциската сметка, поради што побарала од извршителот да издаде налог за извршување од сметката на должникот.

На ден 17.04.2013 година извршителот издал Налог за извршување И.бр.567/11 врз побарување по сметка кај банка врз основа на член 137 став 1 од Законот за извршување за должникот Н.К. Извршителот на ден 18.04.2013 година го

доставил налогот за извршување до носителот на платен промет ТТК банка АД С. Истиот ден на 18.04.2013 година, извршителот доставил до Фонд за ПИОМ Барање за застанување со извршување со кое му наложил на Фондот за ПИОМ да застане со извршувањето, така што понатаму да не врши издвојување на парични средства од пензијата на должникот.

На ден 23.04.2013 година извршителот составил Службена белешка со која констатира дека во канцеларијата пристапил адвокат Л.К која доставила уредно полномошно за застапување на должникот Н.К. Во службената белешка извршителот нотирал дека полномошникот на должникот доставил барање за застанување со извршување и Налог за извршување врз основа на член 137 од Законот за извршување и му го предочил предлогот од доверителот да се намали побарувањето на доверителот по предметот И бр.567/11, за износот за кој доверителот во предметот И бр.27/2012 кај извршителот П.Т е задолжен за плаќање спрема должникот Н.К кој во тој предмет се јавува како доверител, против должникот Друштво за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С по друга извршна исправа. Извршителот во службената белешка нотирал, дека на ваквиот предлог полномошникот на должникот изјавил дека за предлогот на доверителот ќе се произнесе писмено. Видно од Службената белешка полномошникот на должникот изјавил дека средствата на транскациската сметка на должникот се исклучиво по основ на пензија.

На ден 24.04.2013 година извршителот доставил Барање за застанување со извршување до ТТК банка АД С со кое му наложил на носителот на платен промет да застане со извршување врз средствата на сметката на должникот Н.К, од причина што извршувањето ќе продолжи со друго средство на извршување.

Истиот ден на 24.04.2013 година извршителот повторно издал Налог за извршување врз основа на член 129 од Законот за извршување со кој определил забрана на 1/3 на пензијата на должникот Н.К. Извршителот го доставил налогот за извршување до Фондот за ПИОМ и до полномошникот на должникот.

На ден 09.05.2013 година во канцеларијата на извршителот бил доставен Договор за отстапување на побарување склучен на ден 01.05.2013 година помеѓу Друштвото за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С како отстапувач и В.Ѓ од С како примател, заверен кај Нотар К.М под УЗП бр.1464/13 од 09.05.2013 година. Видно од Договорот за отстапување на побарување УЗП бр.1464/13 од 09.05.2013 година отстапувачот остатокот од ненаплатениот дел од побарувањето по извршната исправа Пресуда на Основен суд С 2 С Х ПС.бр.156/96 од 08.03.2000 година му го отстапува на примателот В.Ѓ од С.

На ден 16.08.2013 година извршителот наплатените парични средства од задршката од 1/3 од пензијата на должникот во страна на Фондот за ПИОМ, ги пренел на сметката на примачот на отстапеното побарување согласно договорот.

На ден 25.02.2014 година извршена е Солемнизација (потврдување на приватна исправа) на Договорот за отстапување на побарување ОДУ бр.98/14 од 25.02.2014 година на нотар К.Мод С со која е солемнизиран Договорот за

отстапување на побарување склучен помеѓу Друштво за трговија увоз-извоз Г Ц ДООЕЛ С како отстапувач на побарувањето и В.Ѓкако примач на побарувањето на ден 01.05.2013 година заверен кај нотар К.Мпод УЗП бр.1464/13 од 09.05.2013 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес на ден 17.06.2014 година одлучувајќи по повод основаноста на Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-191 од 16.04.2014 година утврди дека Извршител С.А од С сторил дисциплинска повреда на начин што при спроведување на извршување по предметот И.бр.567/11 го земал Договорот за отстапување на побарување помеѓу доверителот и трето лице како основ за премин на побарувањето, иако договорот бил заверен на нотар на начин што биле заверени само потписите на странките а не и неговата содржина. Подоцна во текот на извршувањето на ден 25.02.2014 година, извршена е солемнизација ( потврдување на приватната исправа) на кој начин со ваквото прифаќање на договорот извршителот постапил спротивно на член 19 став 1 од Законот за извршување. Согласно член 424 т.1 од ЗОО кој ја регулира промената на доверителот или на должникот односно отстапување на побарувањето предвидено е дека доверителот може со договор со трет да го пренесе своето побарување освен она чие пренесување е забрането со закон или кое е врзано со личноста на доверителот, или кое според својата природа му се спротивставува на пренесувањето на друг. Промената на доверителот освен со договор, може да настане со закон, покрај другите случаи може да настане и врз основа на закон, според одредбата од став 1 од ЗОО не може да се врши во случај кога е тоа забрането со закон а сите останати побарувања можат да се пренесуваат.

Со членот 19 од ЗИ како lex specialis е предвидено дека „извршувањето се спроведува и по барање од лице кое во извршната исправа не е означено како доверител ако тоа со јавна или според закон заверена исправа докаже дека побарувањето е пренесено или на друг начин преминало врз него...“ . Тоа значи дека побарувањето може да премине од доверителот на друго лице врз основа на генерална или сингуларна сукцесија. Генерална сукцесија настапува на пример во случај на наследување и слично, а сингуларан во случај кога на поединечно правно дело се врши пренос на побарувањето или обврската. Интенцијата и содржината на чл.19 од ЗИ укажува на тоа дека пред започнувањето на извршувањето и во текот на извршувањето може да менува субјектот во извршувањето – доверител или должник, па токму поради тоа се бара докажување врз основа на јавна или според закон заверена исправа. Примената на содржината на чл 19 од ЗИ укажува на тоа дека оваа одредба претставува посебен закон што го уредува прашањето за постапување по поднесено барање за извршување или спроведувањето на извршувањето, дека е дадена можност да се спроведува и извршување по предлог на лице кое не е означено како доверител на извршната исправа како и условите под кои може да се дозволи такво извршување. Со отстапување на побарување (цесија) се врши промена на субјектот на страната на доверителот, па токму поради тоа со чл. 19 од ЗИ неопходно е потребно да како јавна исправа или според закон заверена исправа се легитимира странката - доверителот или должникот со нотарски акт. Согласно чл.45 ст. 1 од Закон за нотаријат: „ Ако не е во прашање правна работа за која според

овој или друг закон е задолжително постоење на нотарски акт, странките можат исправата за правната работа да ја потврдат кај нотарот.“ Оваа одредба е во корелација со чл. 19 од ЗИ. Ова уште повеќе што од содржината на чл. 424 од ЗОО по однос на формата на договорот кога се применува општото правило односно ако основниот договор бил неформален и преносот може да се изврши со неформален начин, но доколку се работи за договор за кој е пропишана форма, а во конкретниот случај е судска одлука како извршна исправа согласно чл.12 од ЗИ, тогаш и договорот мора да биде склучен во форма на извршна исправа - нотарски акт. Согласно член 43 од Законот за нотаријат е пропишано дека **: „**Нотарскиот акт е извршна исправа ако во него е утврдена определена обврска за чинење за која странките можат да се договорат и ако содржи изјава на обврзникот за тоа дека врз основа на тој акт може заради остварување на чинењето по пристигнувањето на обврската непосредно да спроведе присилно извршување. “ Во прилог на сето погоре наведено оди и фактот дека со точка 2 од членот 19 од ЗИ како јавна и со закон заверена исправа не се смета и адвокатското полномошно или полномошно заверено на нотар со кое се определува побарувањето на доверителот да се исплати на друго лице.

Како во конкретниот случај не е постапено така, односно извршителот продолжил да го спроведува извршувањето со доставувањето на договорот на кој се заверени само потписите на ден 01.05.2013 година како приватна исправа со заверени потписи, а дури подоцна договорот бил солеминизиран на 25.02.2014 година, па Дисциплинската комисија на Комората на извршители на РМ е на став дека извршителот постапил спротивно на чл.19 став 1 од ЗИ.

Согласно што, ДК при КИРМ е на став дека извршителот го сторил битието на делото предвидено со член 54-д алинеја 5 од ЗИ, односно при извршувањето преземал дејствија кои се спротивни со овој закон, кое му се става на товар од причина што сметал дека побарувањето преминало врз лице кое во извршната исправа не е означено како доверител иако тоа лице не го докажало преносот ниту со јавна или според закон заверена исправа а ниту со правосилна одлука донесена во парнична постапка. Комисијата при донесување на одлуката посебно го ценеше донесеното Правно мислење од страна на Управниот одбор на Комората на извршители од 28.06.2013 година, но за истото укажува дека согласно Одлука од 14.09.2012 година ставовите на Стручниот совет претставуваат само препорака за постапување на извршителите.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда од членот 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување која му се става на товар :“при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ Дисциплинската комисија го огласи за виновен за сторени повреди и за истото му изрече парична казна во износ од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се особено како олеснителната околност тоа што извршителот предходно не е дисциплински казнуван како и тоа дека при извршувањето се раководела од донесено Правно мислење на Стручниот совет на КИРМ, а како отежнителна околност тоа што е прифатено во текот на извршувањето изббршителот прифатил договор за пренос на побарувањето кој не е извршна исправа со заверени потписи а не договор со заверена содржината на договорот за пренос од страна на нотар како што бара членот 19 од ЗИ со што е создадена правна несигурност за странките, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 17.06.2014 година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител да плати на име парична казна износ во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр. во Стопанска банка АД С, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија на КИРМ

Претседател

Снежана Фитеска

----------------------------

Правна поука : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

Дн: Претседател на КИРМ

Министерство за правда на РМ

С.А од С

Архива